**РЕФЕРАТ**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА АНИМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Анимација** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.
На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Анимација**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 27 јули 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Катерина Апостолска.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш**, **ИУ Еуропа Прима, Скопје**
**Проф. Роберт Јанкулоски**, **ИУ Еуропа Прима, Скопје** и
**Проф. Срѓан Миќиќ, Меѓународен балкански универзитет - Факултет за уметност и дизајн**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Врз основа на Одлука бр. 22-1576/3 од 10.11.2018 година, донесена од Наставно-научниот уметнички совет на **Факултетот за дизајн и мултимедија** во состав на **Првиот приватен универзитет ФОН - Скопје**, **д-р Катерина Апостолска** е избрана во наставно-научно звање **Редовен професор**, од областа „Дигитална уметност". Со Одлука бр. 07-1611/3 од 20.11.2023 година донесена од Сенатот на прввиот приватен универзитет ФОН Скопје, се потврдува изборот на **проф. д-р Катерина Апостолска** во наставно-научно звање **редовен професор** од областа „Анимација". Изборот е извршен по објавен Конкурс во дневниот весник „Слободен печат", на ден 06.07.2018 година, по што е формирана Рецезенска комисија во состав: Проф. м-р Растко Чириќ, претседател, проф. м-р Лазар Секуловски и проф. м-р Јордан Плевнеш, која го приложува Извештајот со предлог за избор во наставно-научно зававање **Редовен професор**.
Извештајот е објавен во Билтен бр.211 од 18.10.2018 година и содржи преглед на образовните, стручните и професионалните достигнувања на кандидатот и објавените стручни и научни трудови. Во заклучокот на Извештајот се потенцирани достигнувањата на кандидатот во наставно-научната дејност, како и неговиот стручен, научен и педагошки развој.
По разгледувањето на Извештајот на рецезентската комисија и Одлуките за избор и верификација на избор во наставно-научно звање Редовен професор, Рецезенската комисија избрана од

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при ИУ Еуропа Прима - Скопје, констатира дека изборот на проф. м-р Катерина Апостолска во наставно-научно звање Редовен професор, од Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет ФОН - Скопје, е извршен во постапка согласно Законот за високо образование.

Врз основа на горенаведеното, Рецезенската комисија на Факултетот за филмски уметности при ИУ Еуропа Прима – Скопје, го потврдува изборот на **проф. д-р Катерина Апостолска** во наставно-научно звање **Редовен професор** по група предмети од областа **Анимација.**

Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

_______________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски**

_______________________________

**Проф. Срѓан Миќиќ**

_______________________________

**Скопје, 30.08.2023**